ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА



П Р А В И Л Н И К

ЗА НАГРАДУВАЊЕ И КАЗНУВАЊЕ

Октомври, 2012 година

Врз основа на член 24 од Статутот на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, Ивршниот одбор на ФУСМ, на седницата одржан на ден 10.10.2012 година, на предлог на Комисијата за натпревари во државни лига на ФУСМ го усвои следниот

П Р А В И Л Н И К

ЗА НАГРАДУВАЊЕ И казнување

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1. Основни одредби

1.1 Овие Пропозиции за наградување и критериуми за утврдување прекршоци и казни ги регулираат односите помеѓу сите учесници во системот на натпревари во државните лиги во организација на Федерацијата на училишниот спорт на Македонија (ФУСМ).

1.2 Основен орган кој раководи со натпреварите на државните лиги Комисија за натпреварување која ја именува Извршниот одбор на ФУСМ (во понатамошен текст Комисија за натпреварување).

1.3 Водејќи го натпреварувањето Комисијата за натпреварување ќе ги применува Пропозиции за натпреварување и Правилникот за наградување и критериуми за утврдување на прекршоци и казни на ФУСМ во лига ситем и другите нормативни акти на ФУСМ.

1.4 Во случај кога изречената казна не е издржана во целост во текот на една сезона, истата ќе биде пренесена во следната сезона, без оглед на евентуалната промена на степенот на натпреварување, и училишната екипа.

1.5 Лице на кое му е изречена временска казна, за време издржувањето на казната не може да извршува било каква должност.

Член 2 Награди

2.1 Училиштата, според постигнатите резултати на државните лиги, ќе бидат парично наградени според пласманот.

2.2 Наставниците - тренери, на трите првопласирани екипи ќе бидат наградени според пласманот:

2.3 Висината на паричните награди за училиштата и наставниците ја утврдува Извршниот одбор на ФУСМ.

Член 3 Прекршоци и казни

3.1 Наставникот (тренер) доколку пред, за и после натпреварот не се однесува според правилата и прописите, односно се однесува недолично, така да со својот однос го ремети нормалното одвивање на натпреварот и слично од

страна на Комисијата за натпреварување во лига систем по претходно добиен извештај од страна на делегатот, ќе биде
казнет во зависност од
тежината на прекршокот со парична казна од 500 – 1.000 денари, или забрана за водење на екипата од 3 до 5 натпревари.

ПРЕКРШОЦИ И КАЗНИ

Член 4	Слаба организација на натпревар во целост	казна
4.1	Неблаговремена, неуредна пријава на натпревар	300

4.2	Измени на термини на натпревар 3 – 5 дена……..	300
4.3	Неистакнување на државно знаме и знаме на ФУСМ.	300
4.4	Неприсуство на дежурен лекар …….. - Натпреварот нема да се одигра. - Организаторот натпреварот ќе го загуби без игра	/
4.5	Не пријавување натпреварот во Полиција – нема заверено писмено барање. -Натпреварот нема да се одигра. - Организаторот натпреварот ќе го загуби без игра	/
4.6	Слаба редарска служба	300
4.7	Слаба организација на записничка маса	300
4.8	Пречење на работа на записничката маса, делегатот и судиите од страна на неслужбени лица, пред, за време или по завршување на натпреварот	300
4.9	Кога е доведено во прашање нормално одигрување нанатпреварот и неговото завршување поради фрлање меки итврди предмети…… - Настап како домаќин без присуство на гледачи ……	1 натпреар
4.10		

Член 5	Слаба организација – однесување на гледачи	Казна
5.1	Неспортско навивање на гледачите, навреда на противничката екипа, учесници, службени лица	300
5.2	Фрлање меки предмети на терен, натпреварот е прекинуван, а публиката опоменувања (ролни хартија, ситна хартија, кеси и сл.)	300
5.3	Фрлање тврди предмети на терен запалки, метални пари, пенкала и сл.)	500
5.4	Фрлање на терен петарди, чадни бомби или другиексплозивни предмети	500
5.5	легување и пречење на терен на неслужбени лица, пред, зареме и после натпреварот	500
5.6	Остварен физички напад, при што натпреварот е одигран до крајот -Казна забрана на настап на домашен терен……	1 натпревар

Член 6	Неспортско однесување на играчи	Казна
6.1	Исклучување на играч на тренерот од натпревар, повлекува автоматски суспензија до изрекување на конечната казна, односно забрана на настап најмалку на следниот натпревар - Забрана на настап ……	1 натпревар
6.2	Навредување на противничка екипа или противнички играч. Навредување упатена кон судии, делегат и помошни судии - Неспортско однесување, пцуење, плукање, а по поднесена пријава на службените лица на натпреварот. -Забрана на настап ……	1 натпревар
6.3	Меѓусебно физичко пресметување, помеѓу противнички играчи, удирање противнички играч за време и по завршување на натпреварот Виновник (ци), иницијатор(и) на инцидентот,…… Учесник(ци) во пресметувањето ……	1 натпревар 2 натпревари
6.4	Остварен физички напад врз службено лице на натпревар -Забрана на настап или вршење на должност ……	1 година

Член 7	Неспортско однесување на тренери и службени лица	Казна
7.1	Исклучување на тренер и помошник на тренерот од натпревар, повлекува парична казна, -Парична казна ……	500-1000 ден.
7.2	- Навредување на противничка екипа или противнички играч - Навредување упатена кон судии, делегат и помошни судии - Неспортско однесување, пцуење, плукање, а по поднесена пријава на службените лица на натпреварот. -Парична казна ……	500-1000 ден.
7.3	Остварен физички напад врз службено лице на натпревар - Забрана на вршење на должност …….	1 година

Член 8	Делегат	казна
8.1	Несовесно и неуредно обавување должност, неспроведување на одлуките на Комисија за натпреварување, неспортско однесување, нејавување на конечниот резултат, недоставување дополнителен извештај на барање на Комисија за натпреварување во лига систем . **-Забрана на вршење должност**	1 натпревар
8.2	Необјективно прикажување на состојбата во извештајот, како и прикривање на поедини факти **-Забрана на вршење должност**	2 натпревари
8.3	Неблаговремено и неуредно доставување на извештај на делегатот од натпреварот **- Забрана на вршење должност**	300 денари
8.4	Неоправдано,ненавремено пристигнување на натпревар, еден (1) час пред почетокот на натпреварот	1 натпреавар
8.5	Неоправдано не доаѓање на натпревар ……	Бришење од листата

Член 9 Казна забрана настап на свој терен

9.1 Случај екипа домаќин која е казнета со забрана на играње на свој терен, мора да одреди место за одигрување на натпреварот кое е најмалку триесет (30) км, одделечено од местото за кое е изречена казната.

Член 10 Казна забрана настап со гледачи

10.1 Во случај кога екипа домаќин - организатор е казнета со забрана на настап на домашен терен со присуство на гледачи, должна е да обезбеди спортска сала регистрирана за тоа ниво на натпревари.

10.2 Да обезбеди во салата, освен екипата да бидат присутни само службените лица, редари, органи за безбедност и претставниците на средствата за јавно информирање.

Член 11 Евиденција на изречени казни

11.1 Комисијата за натпреварување во лига систем и администрацијата на лигата се должни во соопштението (билтените) кои ги издаваат, да информираат за изречените казни по редослед на кола или време со точно определени термини.

11.2 Во итни случаи известувањето се прави по пат на телеграма или телефакс, а содржината се објавува во следното соопштение (билтен).

11.3 Комисијата за натпреварување во лига систем за натпреварување издава посебно соопштение пред почетокот на секоја сезона во кое се објавуваат сите неиздржани, односно неподмирени казни од предходната година.

11.4 Екипите се должни да водат евиденција на изречени казни и изречената автоматски суспензија или временска казна, и истите доследно да ги почитуваат и спроведуваат. Во спротивно, екипите ги сносат сите

одговорности настанати со евентуален пропуст на овој став.

член 12 Жалба

12.1 Комисијата за натпреварување во лига систем својата одлука ја соопштува по пат на телеграма или телефакс.

12.2 Одлука по жалба на натпревар, Комисијата за натпреварување во лига систем мора да донесе одлука во рок од 48 часа по натпреварот.

12.3 На ова одлука подносителот има право на жалба до Извршниот одбор на ФУСМ во рок од 72 часа од приемот на одлуката.

12.4 На одлука на Комисијата за натпреварување во лига систем, дозволена е жалба до Извршниот одбор на ФУСМ, која се поднесува најдоцна до 72 часа по приемот на одлуката.

12.5 За жалба до Извршниот одбор, подносителот е должен на жиро сметка на ФУСМ да уплати такса, чиј износ е 2.000,00 денари.

12.6 Жалбата која не е благовремено доставена до Извршниот одбор или не е уплатена пропишаната такса, се одбива.

12.7 Извршниот одбор донесува одлука по жалба во рок од 48 часа. Одлуката на Извршниот одбор е конечна, без право на понатамошни жалби, освен по судски пат.

12.8 Доколку жалбата биде усвоена, таксата за жалба ќе биде вратена на подносителот што ја уплатил и кој се жалел во прв или втор степен.

12.9 Одлуката на Извршниот одбор се доставува до училишната екипа, со телеграма, телефакс или на рака.

II. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13 Начин на донесување, измени и дополненија на Пропозициите

13.1 Пропозициите ги усвојува Извршниот одбор на ФУСМ на предлог на Комисијата за натпреварување во лига систем.

13.2 Измени и дополненија на овие Пропозиции се донесуваат по иста постапка како и за нивното донесување.

13.3 Толкување на овие Пропозиции дава Извршниот одбор на ФУСМ.

13.4 Овие Пропозиции за натпреварување стапуваат на снага со денот на нивното усвојување од страна на Извршниот одбор на ФУСМ, а ќе се применуваат од натпреварувачката сезона 2012/2013 година.

FEDERACIJA NA U^ILI[EN SPORT NA MAKEDONIJA

Pr e t s e d a t e l,

/Prof. d-r Aleksandar Tufek~ievski